Врз основа на Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2023 год. донесена со Одлука бр.08-17370/41 од 22.12.2022 год. и Програмата за измена и дополнување на Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2023 год. донесена со Одлука бр. 08-5339/3 од 11.04.2023 год., Записник од Комисија за утврдување фактичка состојба на лице место бр. 15-5357/1од 04.04.2023 година, како и врз основа на член 4 од Одлуката бр.08-5339/5 од 11.04.2023 год. за поставување урбана опрема –покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023-2026 год.(„Службен гласник на општина Охрид“ бр. 05/23), а во согласност со Одлуката бр.08-5339/4 од 11.04.2023 год. за утврдување на почетна цена за поставување урбана опрема –покриени и непокриени шанкови со локации („Сл.гласник на Општина Охрид" бр. 05/23), донесени од Советот на Општина Охрид, Градоначалникот на општина Охрид објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр.02/2023
# за поставување урбана опрема –покриени и непокриени шанкови со локации на подрачје на општина Охрид за период 2023-2026 година

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Предмет на овој оглас е добивање право за поставување урбана опрема –покриени и непокриени шанкови со локации на подрачје на општина Охрид, по пат на јавно електронско наддавање за период 2023-2026 година (во понатамошниот текст- покриени и непокриени шанкови со локации).
Местоположбата и бројот на покриени и непокриени шанкови со локации се утврдени во Програмата за измена и дополнување на Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2023 год. донесена со Одлука бр. 08-5339/3 од 11.04.2023 год. („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.05/23) чиј составен дел се графичките прилози за секоја локација.

Шанковите кои ќе се поставуваат треба да бидат лесно монтажно демонтажни и изработени од природни материјали (дрво или имитација на дрво) кои ќе се вклопат во околината, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот на подрачјето на Општина Охрид.

Предметот на јавниот оглас претставуваат 14 локации на кои ќе се поставува предвидената урбана опрема чија местоположба со површина на секоја локација е прикажана во графичките прилози на Програмата за измена и дополнување на Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2023 год.

Секоја локација претставува посебен предмет на јавно наддавање.

Електронското јавно наддавање ќе се врши според редниот број наведен во табелите.

По завршување на јавното наддавање за секоја локација помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации, по што следува постапка за издавање на Одобрение за урбана опрема за поставување на истата.

Најповолниот понудувач може да пристапи кон поставување на урбаната опрема по добивање на Одобрение за урбана опрема.

**2. ОПШТ ОПИС И МЕСТОПОЛОЖБА НА ЛОКАЦИИТЕ:**

Локациите за поставување на урбана опрема –покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид се дефинирани со вкупен број 14 и се наоѓаат на територијата на општина Охрид, поделени во две зони и тоа:

| **ПРВА ЗОНА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Број на локациите согласно графички приказ** | **Површина на локации** | **Почетна цена годишно по локација** |
| **1.** | **1** | **800 м$^2$** | **720.000,оо денари** |
| **2.** | **2** | **570 м$^2$** | **513.000,оо денари** |
| **3.** | **3** | **630 м$^2$** | **567.000,оо денари** |
| **4.** | **5** | **210 м** | **189.000,оо денари** |

| **ВТОРА ЗОНА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Број на локациите согласно графички приказ** | **Површина на локации** | **Почетна цена годишно по локација** |
| **5.** | **4** | **190 м$^2$** | **95.000,оо денари** |
| **6.** | **6** | **250 м$^2$** | **125.000,оо денари** |
| **7.** | **7** | **250 м$^2$** | **125.000,оо денари** |
| **8.** | **8** | **250 м$^2$** | **125.000,оо денари** |
| **9.** | **9** | **300 м$^2$** | **150.000,оо денари** |
| **10.** | **10** | **180 м$^2$** | **90.000,оо денари** |
| **11.** | **11** | **180 м$^2$** | **90.000,оо денари** |
| **12.** | **12** | **250 м$^2$** | **125.000,оо денари** |
| **13.** | **13** | **150 м$^2$** | **75.000,оо денари** |
| **14.** | **14** | **150 м$^2$** | **75.000,оо денари** |

Деталната местоположба на локациите може да се види од графичкиот прилог на секоја локација по реден број кој ќе биде објавен на официјалната веб-страница на општина Охрид ohrid.gov.mk и на огласна табла во општината со денот на објава на огласот.

**3. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС:**

Право на учество на јавниот оглас имаат домашни и странски правни и физички лица, под услови утврдени со јавниот оглас.

Јавниот оглас трае до 15.05.2023 година, најдоцна до 13.00 часот.

Право на учество на јавно наддавање – лицитација имаат сите домашни и странски правни и физички лица, кои најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите ќе положат и ќе достават потврда за уплатен гарантен депозит за учество, за одредена локација наведена во табелите, како и докази дека ги исполнуваат условите за учество на јавното наддавање.

На јавното наддавање едно лицето (физичко или правно) кое ги исполнило условите за учество може да учествува со давање понуда  само за една локација од понудените на јавниот оглас.

Гарантниот депозит за учество изнесува 20% од почетната цена утврдена на годишно ниво по локација за која  понудувачот доставил понуда на годишно ниво и треба да биде изразен во денари и се уплаќа на следната сметка, најдоцна два дена пред јавното отварање на понудите:

Трезорска сметка: 100000000063095;
Сметка на буџетски корисник: 7520140614 630 10;
Приходна шифра: 723914 Програма 00.

За уплатениот депозит, се доставува потврда за уплатата, која треба да се приложи со документите за идентификација најдоцна до денот и часот на завршување на јавниот повик.

За успешно спроведена постапка на јавно наддавање, потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена по метар квадратен.

Јавниот оглас се смета за успешен и во случај да се избере најповолен понудувач само за одредени локации од понудените.

**Пример:**
Локација реден број 1, почетна цена 720.000,оо денари годишно по локација, депозит 144.000,оо денари, минимален износ на наддавање 8.000,оо денари.

**4. РОК И ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ**
Правото за поставување на урбана опрема –покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид се определува за период од 3 (три) години (2023-2026 година), односно 3 (три) години од денот на добивање на Одобрение за поставување на урбана опрема.

Доколку во периодот за кој се издаваат локациите на кои ќе се поставува урбаната опрема се донесе посебна урбанистичка документација со друга намена, општина Охрид го задржува дискреционото право да пристапи кон раскинување на склучените Договори за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации и пред истекот на периодот од 3 (три) години, по што закупецот на просторот за поставување на урбана опрема ќе биде должен на свој трошок да ја отстрани истата.

Доколку од страна на Закупецот  има уплатени, а неискористени средства за закупнина и комунална такса на одредена локација каде ќе биде предвремено раскинат Договорот од страна на општината поради горенаведената причина, средствата ќе бидат вратени.

Понудената цена за добивање право за поставување на урбаната опрема од страна на понудувачот треба да биде изразена во денари.

Почетната цена за електронското јавно наддавање е опишана во табелите на точка 2 од овој повик.

Предмет на електронско јавно наддавање ќе биде највисоко доставената понудена почетна цена по локација.

## 5. ВРЕМЕ И МЕСТО НА ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ:

Јавното отворање на пристигнатите понуди ќе се изврши на ден 15.05.2023 година со почеток во 13.00 часот, во просториите на Голема сала при општина Охрид.

## 6. ЈАВНО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:

На јавното електронско наддавање – лицитацијата може да учествуваат само понудувачите кои имаат доставено документација за јавниот оглас и имаат уплатено гарантен депозит за учество.
Јавното електронско наддавање ќе се одржи во рок од 10 ( петнаесет ) дена од јавното отворање на понудите.
За јавното електронско наддавање, во рок од 5 дена пред неговото одржување, учесниците што ги исполнуваат условите за учество на јавното наддавање ќе бидат известени писмено, со електронска пошта и телефонски од страна на Комисијата за спроведување на постапката.

## 7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНОТО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:

Времетраењето на јавното наддавање ќе биде определено со Правилник кој благовремено ќе им биде доставен на понудувачите.

## 8. ОБВРСКИ НА НАЈПОВОЛНИОТ ПОНУДУВАЧ:

Најповолниот понудувач во рок од 10 (десет) дена од склучувањето на Договорот, има обврска да ја достави потребната документација пред Секторот за урбанизам (комплет проекти за поставување на урбана опрема (3 примерока) , извод од урбаната опрема, склучениот договор за закуп на просторот и договор за услуги со ЈП Комуналец, по што ќе се пристапи кон плаќање на комунална такса . Целокупната претходна документација е услов за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.
Приклучокот за користење на електрична енергија, најповолниот понудувач самостојно го регулира со ЕВН Македонија.
Најповолниот понудувач не смее неовластено да изврши приклучок на јавното улично осветлување.
Плаќањето на закупнината за 2023 година, најповолниот понудувач е должен да го изврши во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот, во спротивно истиот нема да произведува правно дејство.
Плаќањето на закупнина за издадените локации за наредните години 2024 и 2025 година ќе се врши на годишно ниво, однапред за целата година најдоца до 30 Мај за тековната деловна година.
Плаќањето на комуналната такса ќе се регулира согласно Законот за комунални такси и Одлуката од Советот на општина Охрид.
Најповолниот понудувач е должен редовно да го чисти просторот со склучување на договор за услуги со ЈП Комуналец Охрид на начин што ќе го регулира со самото Јавно претпријатие, а доказот од истото да биде доставено до општина Охрид како составен дел на Одобрението за урбана опрема.
Најповолниот понудувач е должен да постави ознака на просторот на кој ќе ја поставува урбаната опрема, односно на информативната табла да биде наведено името/називот на најповолниот понудувач, адресата и телефонски број за контакт.
Најповолниот понудувач не смее локацијата за која е избран како најповолен понудувач да ја дава во подзакуп на трети лица.

**9. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА/ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ПРИЛОЖИ:**

- Финансиска понуда од секој понудувач;
- Тековна состојба за субјектот издадена од Централен регистар на РМ не постара од 6 ( шест ) месеци само за правни лица и уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството овластено одговорно лице на правното лице;
- Уверение за државјанство и копија од важечка лична карта или пасош само за физички лица и уредно полномошно за полномошникот што го претставува физичкото лице;
- Потврда за измирени обврски по основ на закупнина и комунална такса заклучно со 2022 година- издадена од Секторот за финансиски прашања при општина Охрид и за правни и за физички лица ;
- Потврда од ЦРМ дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за правни и физички лица;
- доказ за уплатениот износ-депозит за учество на огласот;

**10.ПОСТАПКА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЈАВНО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:**

По завршувањето на постапката Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Општина Охрид, за избор на најповолен понудувач со предлог за склучување на Договор за краткотраен закуп.

Градоначалникот на Општина Охрид донесува решение за избор на најповолен понудувач и склучуваат договор во кој покрај начинот на плаќање на постигнатата цена, посебно се утврдуваат сите права и обврски на договорните страни.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира гарантниот депозит и ќе се продолжи постапката со наредниот понудувач кој доставил највисока понуда.

Комисијата по завршување на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени.

На понудувачите депозитот им се враќа во рок од 15 дена од денот на јавното електронско наддавање.

Депозитот на најповолниот понудувач ќе му се пресмета во годишната закупнина која е должен да ја исплати во рок од 10 дена од денот на склучување на Договорот за тековната 2023 година.

Договорот со најповолниот понудувач се потпишува во рок од 5 дена по правосилноста на решението за избор на најповолен понудувач.

Најповолниот понудувач е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на склучување на Договорот за користење на простор за поставување на урбана опрема да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на обврските од договорот во висина од 10 % од вредноста на склучениот договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши услугите.

Банкарската гаранција се доставува во писмена и оргинална форма.

Банкарската гаранција треба да е со важност до целосно реализирање на договорот односно за период од 3 години за кој се издава урбаната опрема или во случај ако Банкарската Гаранција се издава на годишно ниво со обврска за нејзино продолжување и издавање на нова 15 дена пред истек на рокот на активната Банкарска Гаранција.

Ненавремено доставување на нова Банкарска Гаранција или продолжување на рокот на постојната , претставува основ за активирање на тековната важечка Банкарска Гаранција и основ за поведување постапка за еднострано раскинување на склучениот договор.

Од денот на достава на Банкарската гаранција договорот се смета на полноважен и произведува правни дејствија. Ненавремено доставување или недоставување на Банкарската гаранција се смета дека Договорт не е склучен, се реализира депозитот на најповолниот понудувач и ќе се продолжи постапката со наредниот понудувач кој доставил највисока понуда.

Доколку во периодот за кој се издаваат локациите на кои ќе се поставува урбаната опрема општина Охрид согласно своето дискреционо право пристапи кон еднострано раскинување на склучениот Договор , истата во рок од 14 дена на најповолниот понудувач ќе му ја врати активната Банкарска Гаранција за квалитетно извршување на обврските од Договорот.

**11.НАЧИН НА ДОСТАВА НА ПОНУДАТА:**

Понудата да биде доставена во затворен коверт, на кој во левиот горен агол ќе стои „не отворај" и бројот на огласот.

Понудата се доставува лично во архивата на општина Охрид или со препорачана пошта на следнава адреса: ул.''Димитар Влахов'' бр.57; 6000 Охрид ( Доколку понудата се доставува по пошта, истата треба да пристигне во архивата на општина Охрид, најкасно до денот и часот на отворање на понудите15.05.2023 година до 13.00 часот .
Општината не одговара за ненавремена достава во архивата на општина Охрид, како и за ненавремена достава од страна на поштенската служба.
Внатрешноста на ковертот содржи 2 (две) плика, во едното плико се приложува финансиската понуда, а во другото плико се приложува задолжителната документација за учество на огласот.
**Пример за адресирање на плик за достава:**

| | |
|---|---|
| **''НЕ ОТВОРАЈ''**<br>**'Да не се отвора пред 15.05. 2023 година, пред 13.00 часот''**<br>**Оглас бр. 02/2023** | **Општина Охрид**<br>**Оглас бр. 01/2023**<br>**Комисија за спроведување на оглас за**<br>**поставување урбана опрема покриени и непокриени шанкови со локации**<br>**Ул.''Димитар Влахов'' бр.57**<br>**6000 Охрид** |

**Некомплетната понуда нема да биде предмет на разгледување од Комисијата и не постои можност за нејзино дополнување.**

Рок на доставување на понудата е од денот на објавувањето на огласот па се до 15.05.2023 до 13.00 часот.
**Општина Охрид нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата.**
На денот на отворањето на понудите треба да презентираат документи за идентитет и тоа:
- специјално полномошно за претставници на правните лица, издадено од правното лице;
- лична карта за физички лица или специјално полномошно заверено на Нотар;

Подетални информации заинтересираните лица можат да добијат на телефон> 046/262-492/493 локал 130 /електронска адреса: **urbanaoprema@ohrid.gov.mk**
**Комисија за спроведување на оглас за**
**поставување урбана опрема**
**покриени и непокриени шанкови со локации**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**КИРИЛ ПЕЦАКОВ**

**---------------------------**

**Билјана Мицкоска -Претседател___________**

**Кирил Танески –Член _____________**

**Лилјана Симоноска-Член____________**